РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
Љупчо Сантов п.о.
Бр. 03-138/1-5
07. 07 2021 год.
КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 0307-386/1
12-07-2021 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

ПОМЕЃУ

***СОУ„ЉУПЧО САНТОВ“ - КОЧАНИ***

И

УКИМ Земјоделски институт - Скопје

Кочани, јули 2021 година

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Склучен на ден 07.07.2021 во Кочани, помеѓу**

1. Средното општинско училиште „Љупчо Сантов“, со седиште на ул. „Глигор Апостолов Гочо“ бр.31 Кочани, застапувано од Директорот *Игор Христов* (во натамошниот текст- Училиштето) и,
2. „УКИМ Земјоделски институт – Скопје“, со седиште на ул. „16-та Македонска бригада 3А Скопје“ застапувано од Директорот Проф. д-р [illegible] (во натамошниот текст- Институтот)

Во натамошниот текст: Договорени страни.

**ПРЕДМЕТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор претставува регулирањето на меѓусебните права и обврски помѓу СОУ„Љупчо Сантов“- Кочани и „Земјоделски институт“, а кои произлегуваат од изведувањето на практичната настава и феријална практика на учениците од СОУ„Љупчо Сантов“ во рамките на неговата дејност и согласно важечката законска и подзаконска регулатива.

Во согласност со потребите на наставно-научниот процес, феријалната практика/практичната настава се организира со цел да им обезбеди на учениците стекнување на стручни и трансферзални знаења, вештини и компетенции за вршење работа и работни задачи во рамките на еден работен процес кај работодавач. Се со цел да се зголеми нивната конкурентност при вработување во реалниот сектор.

**НАЧИН НА РЕАЛИЗИРАЊЕ**

**Член 2**

Феријалната практика/практичната настава се врши согласност Упатството за феријална практика (општи насоки за планирање, организирање, реализација, следење и евидентирање на феријалната практика) предложено и утврдено од Центарот за стручно образование.

Феријалната практика/практичната настава се состои од учење преку работа кај работодавачот. По исклучок, феријалната практика/практичната настава може да се организира и реализира и во самото училиште со посета

на претставници од компанијата. Понатаму, во случај на воена и вонредна состојба, реализацијата на феријалната практика/практичната настава се врши со користење на електронски и комуникациски уреди за учење и работа на далечина.

Член 3

Институтот склучува договор со родителот/старателот и ученикот за изведување на феријална парктика на ученикот/ученичката во компанијата.

Воведно, институтот обезбедува специфична обука за безбедност и заштита при работа.

При самата реализација на феријалната практика/практичната настава, институтот го обезбедува потребниот материјал, машини и алати и го става во услуга на учениците-практиканти.

Член 4

Бројот на ученици кои ќе бидат дел од феријалната практика која се уредува со овој договор ќе го определи училиштето согласно организациските можности на институтот.

Во времетраење на меморандумот, компанијата се обврзува да прими на ппрактична настава до ......................... ученика од хемиско-технолошка струка, образовен профил/квалификација: хемиски- лабораториски техничар.

Институтот е задолжена да именува *ментор- одговорно лице од компанијата,* кое ги координира активностите во однос на планирање, организирање, реализација, следење и евидентирање на феријалната практика/практичната настава и вршење валидација на напредокот на учениците.

Дополнително, доколку има потреба во рамките на изведувањето на феријалната практика/практичната настава, институтот ќе именува и други вработени лица од работните департмани и единици на институтот.

Средното општинско училиште „Љупчо Сантов"- Кочани има обврска да именува *одговорно лице- координатор за учење преку работа од училиштето* кое ќе ги координира активностите во однос на планирање, организација, реализација, следење и евидентирање на феријалната практика/практичната настава за подобрување на процесите на учење преку

работа и е врска помеѓу училиштето и институтот.

Понатаму, училиштето именува и *одговорен наставник* од редовите на наставници по стручни предмети, доколку се појави потреба да му помага на координаторот од училиштето за успешна и квалитетна реализација на феријалната пракса.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФЕРИЈАЛНАТА ПРАКСА

### Член 5

Практичната настава како концепт од дуалното образование, учениците ќе ја изведуваат во текот на наставната година и тоа еднаш, двапати или трипати, во една работна седмица, во согласност со Програмата за практична настава и Планот за нејзнина реализација.

Феријалната пракса ќе се изведува во времетраење од 10 дена, во согласност со нацрт изработената Програма за феријална практика и усвоениот План за нејзина реализација од страна на училиштето и компанијата.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 6

Договорените страни се согласуваат дека сите евентуални спорови во врска со овој Меморандум ќе се обидат да ги решат со меѓусебни преговори.

## ВАЖЕЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ

### Член 7

Овој меморандум се склучува на неограничен период на важење. Изменување и дополнување на овој Меморандум се врши со писмена согласност на двете Договорени страни.

Во случај на раскинување на меморандумот, Договорената страна која го раскинува Меморандумот, за истиот, по писмен пат, ја информира другата Договорена страна. Меморандумот ќе се смета дека е раскинат по истекот на 30 дена од денот кога е добиена писмената информација за раскинување.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 8

Овој меморандум е составен од четири (4) истоветни примероци, од кои по два (2) за секоја Договорена страна.

Меморандумот влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорени страни.

| | |
|---|---|
| **СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ** | Институт |
| **„ЉУПЧО САНТОВ" КОЧАНИ** | |
| *Директор* | *Директор* |
| *Игор Христов* | Проф. Д-р |